ВЛАДИНА АКЦИЈА

# Што се случува со националното уметничко богатство дадено на реверс во државните установи

**Во Министерството за надворешни работи има најмногу, а во тоа за образование нема ниедно уметничко дело**

ИВАНА И. МАНАСИЕВСКА

Во просториите во кои е сместено Министерството за надворешни работи има (засега) најголема колекција на уметнички дела, а нема ниедно вредно во Министерството за образование. Ова може да се види од првичните извештаи од потрагата - која ја организира Владата - за "откривање" уметнички дела - евидентирање, реставрација и откуп - во државна сопственост, дадени на "користење" на нејзините институции и установи.

Владината Служба за општи и заеднички работи испратила 25 барања јавните институции да ги пријават делата земени од владината колекција, заради евиденција и, ако се оштетени, да бидат реставрирани. Со колку и со какви уметнички дела располагаат одговориле 14 институции, но има проблеми со утврдувањето на авторство на некои дела. Во Службата претпоставуваат дека станува збор за многу стари и значајни дела, кои треба да ги дешифрираат стручни лица.

Директорот Никола Илиев вели дека сите уметнички дела што се земени на реверс, мора да се евидентираат зашто се национално богатство. Оштетените дела ќе бидат реставрирани. Одговор на владиното барање нема од Министерствата за финансии, за труд и социјална политика, за правда, за локална самоуправа, за стопанство, сообраќај и врски, за наука, за иселеништво и за здравство. Нема одговор ниту од Заводот за судски вештачења, ниту од Секретаријатот за законодавство. Во Службата велат дека најверојатно е во прашање неажураност.



Многу од државните установи не пријавиле колку и какви уметнички дела зеле од државата

Сликите од владината колекција ги "пријавиле" министерствата за урбанизам, за развој, за сообраќај и врски, за трговија, за култура, за информации, за екологија, за млади и спорт, за надворешни работи, за земјоделство, шумарство и водостопанство, Заводот за статистика, Уставниот суд и Републичкиот судски совет. Министерствата за образование и за урбанизам и градежништво, Дирекцијата за стоковни резерви и Заводот за статистика одговориле дека не располагаат со уметнички слики и други уметнички вредности. Министерството за трговија располага со шест уметнички слики земени на реверс од Уметничката галерија во Даут-пашин амам.

Пет слики од "непознат" автор пријавиле Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Републичкиот судски совет. Во Министерството за земјоделство има една слика од Лазар Личеновски - "Афион" работена во 1958 година, а во Републичкиот судски совет четири на Тодор Атанасов и единаесет на Димитар Манев. Во Министерството за информации има седум слики, а во одговорот не е наведен авторот, слично како и во тоа за животна средина, кое има три уметнички слики.

Најмногу - 198 уметнички дела од владината колекција има во Министерството за надворешни работи - 126 графики, литографии, барокописи; 21 слика масло на платно и во комбинирана техника; 5 акварели; 2 инсталации; 20 скулптури; 6 релјефи и бакрорези; 32 фотографии и 9 копии на римски скулптури. Автори на делата се Жанета Вангели, Димитар Манев, Благој Чушков, Љубомир Белогаски, Симон Шемов, Димче Николов, Ристо Калчев и други. Во Министерството за култура има 91 дело; таму се сликите на Јанкуловски, Малиданов, Калчевски, Аврамовски, Митриќески, Чемерски, Темков, Чудо и други. Во Министерството за развој има четири уметнички слики на Орце Гогов и две на Борис Петров, сите масло на платно. Една уметничка слика од авторот Рисимкин, изработена во 1974 година е во Министерството за млади и спорт. Министертството за образование не располага со уметнички слики и други уметнички вредности во просториите кои ги користи.

Повеќето јавни институции процениле дека не е потребна реставрација, односно дека сликите се во добра состојба. Уметнички дела има и во кабинетот на премиерот, во зградата на Владата на Република Македонија, во вилите "Водно", "Билјана", "Охрид" и "Македонија". Во тек е евидентирање на уметничките дела во објектот на Владата во Стар Дојран, на Попова Шапка, во Бањац Цавтат и други. ■